Славица НИКОЛОВСКА

КОДИКОТ НА МАНАСТИРОТ МАТКА

Во живописната клисура на реката Треска се наоѓаат шест манастири, меѓу кои и манастирот *Св. Богородица*, кој во оваа област повеќе е познат како *манастир Матка*.[1]) Овој манастир се наоѓа на излезот на реката Треска од клисурата, во непосредна близина на селото Матка.

Во пространиот манастирски двор, покрај црквата има конаци изградени во турскиот период. Во една соба од конаците има запис: Во то време беше Аѯентїѧ монахъ 1851 месецъ септемврїи ден .І. (10) знано бѹди како направї Ілїѧ Станоевъ одаѧ во здравле ї спасенїе, аминъ.[2])

Црквата е мала и има форма на стеснет впишан крст, со слепи странични бродови и една осумаголна купола. На куполата има четири прозорци ориентирани кон четирите страни на светот и се потпира на четири пиластри, а олтарната апсида однадвор е тристрана. Во текот на XIX век биле изведени извесни поправки во сводот на црквата. Во 1972 година црковниот одбор на манастирот Матка, со собраната помош од селаните и минимални средства на Заводот за заштита на спомениците на културата на гр. Скопје, извршил реновирање на конаците, кои дотогаш биле речиси неупотребливи и ги приспособиле за користење. Така и денес на денот на црквената слава св. Богородица, на 28 август, се собира население од Скопје и околината да присуствува на боголужбата, се сече колач и се одредува домаќинот за следната црквена слава, а пред манастирот се одржува панаѓур.

Црквата веројатно ја изградил Бојко, син на властелинката Даница. Оваа властелинка била ктитор на црквата Св. Никола во селото Љуботен. Во записот на каменот над влезната врата во црквата Св. Никола се вели дека синот на „госпоѓата Даница" Бојко бил господар на Матка, а другиот, син Звечан — на Ситница. Записот гласи:

---

[1]) За манастирот Матка пишувале: *Јастребов*, Наставак бележака из мог путовања по Старој Србији, ГСУД LVII, 1884, 48—49; *Хаџи Васиљевић*, Скопље и његова околина, Београд 1930, 425—428; *В. Петковић*, Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа, Београд 1950, 38—39; *А. Николовски, Д. Ќорнаков и К. Балабанов*, Споменици на културата во НР Македонија, Скопје 1961, 48—49; и др. и според белешките што ни ги стави на располагање *Нада Нешпал-Никуљска* направени при посетата на овој манастир на 9-V-1968 година, за што бескрајно ѝ благодариме.

[2]) *Хаџи Васиљевић*, ц. д., стр. 428.

Сѣзида се сии божствьныи храмь светаго великаго ѡца Николы подвигомь и троудомь госпожде Дѣнице, вь дни Стефана краль Доушане, и дрьжаше сынь старѣи Бонко и Матк[овци], а дроуги сынь Звечань С-итницомь, вь лѣт(о), .С҃.Ѡ҃.М҃.Є҃. (6845, односно 1337): *Љуб. Стојановић*, Зап. и натп. бр. 66, со забелешка дека „ова сигурно ќе биде ист запис што е соопштен во Гласник српског ученог друштва LVII, 57, но чиј крај гласи вака: . . . госпоже Єлени (?) вь дни Стефана краль Душана. . . Звечан. . . вь лѣто .С҃.Ѡ҃.М҃.Є҃" (мој превод). *Николовски, Ќорнаков* и *Балабанов* (Сопоменици на културата во НР Македонија, стр. 48) не ја ислучуваат можноста дека црквата во манастирот Матка постоела уште тогаш.

Натписот над влезната врата внатре во црквата вели дека црквата била обновена во 1497 година од некоја Милица која ѝ купила лозје, најверојатно и со помош на Тошинко и син му Никола и митрополитот Атанасие:

Извѡленнемь отца и поспѣшениемь сына и сьвръшениемь светаго доуха, сьи свети и божствьни храмь светие владичици Богородице присно дѣви Марие доиде Милица, и ѡбрѣте цркво откриено, и покри цркво, и пописа, сѣзида приправѣ и кѹпи лозе. Помени, господи раби своихь Тошинка и сина мѹ Николѹ, и ѡбладаюшаго митрополитѹ кѵр Аѳанасие, вь лѣто ,З҃.Є҃[3].) (7005, односно 1497).

Од истото време, кога е напишан и записот над влезната врата во манастирот Матка (1497 г.), во црквата се наоѓаат уште два записа:

1. Прими Г(оспод)и моление рабѹ своею Милицѹ.

2. Помени Г(оспод)и раба сво(его) Николѹ[4], најверојатно запишани во знак на благодарност за покривањето на црквата.

Во црквата, пред олтарот, се наоѓа надгробна плоча со натпис од 1372 година:

Почто дивыте се, ѡ чловѣци, зреще мене вь гровѣ? Бѣдіте іако и такожде вы хоштете быти, нь поминѹще ми с вами любо іест[a], поменѹите и[b] мене рабѹ божьню Марию[c], а зовѡшемь Белиславѹ. Прѣстави се мѣсеца септевра .КѢ. (28) дьн в лѣт(о) .С҃Ѡ҃П҃Я҃.[5]) (28. IX. 6881 односно 1372).

Во внатрешноста на црквата се распознаваат неколку зони на живописот: фигури во цел раст, фигури во медаљони и композиции: „Христос пред Пилат", „Преображение", „Успение на Богородица", „Тајна вечера", „Симнување од крстот", „Оплакување на мртвиот Христос", „Христовото крштевање", „Молитва на Христос на Маслиновата Гора", „Јуда прима сребреници", Лазаревото вореснување" и др. Интересно е што ниту еден светител или владетел од лозата на Немањиќите не добил место меѓу фреските. На западниот ѕид насликани се ликовите на криторите на овој храм, Милица и Никола во граѓанска облека.[6])

На две икони во црквата ги има следниве записи:

1. Помены, господы, раба своего Кітана і ѡтца Рѹфета терзискаго лета ѡть Христа 1798.

---

[3]) *Љуб. Стојановић*, Зап. и натп. бр. 387; *Й. Иванов*, Български старини из Македония, София 1931, 129, бр. 51, *Петковић*, Старине, 25—26.

[4]) *Хаџи Васиљевић*, ц. д. 427.

[5]) *Й. Иванов*, ц. д., стр. 129 бр. 50, *Петковић*, Старине, 25, *Јастребов*, ГСУД LVII, 49, *Љуб. Стојановић*, ц. д. бр. 141; *Хаџи Васиљевић*, ц. д. стр. 426. Кај *Ј. Иванов* и *Јастребов*, нема: *а*) іест; *в*) и; *с*) место Марию, внесено е Марю. Ние записите ги издаваме според изданието на *Љуб. Стојановић*.

[6]) *Јастребов*, ц. д. 48, *Петковић*, ц. д. 38—39; *Николовски, Ќорнаков, Балабанов*, ц. д. 48.

2. Помени, господи ѡпщіи Рѹфет Оурганъчински. Сію задѹжбинѹ Кост(а)ндіна Неша (или Пеша) 1798 месеца иѹниѧ. Рѹкоделихъ іерѣи (?) Петр Нед. . . . . (натаму нечитко.[7])

Според *Ј. Иванов* (стр. 129 бр. 52) во црквата има антиминс на ленено платно наоколу извезен со зелена свила и со натпис од 1716 година: Слоужителю Г(о)с(поди)нь, помени смѣрен'наго Ѧрсениа архіепископа из'ѡврази се въ лѣто г(о)с(под)ние .,Ѧ ѿ І Ѕ. — є (1716).

Еден запис, во октоих што се наоѓал во манастирот Крушедол, вели дека ракописот му бил подарен на манастирот Св. Богородица на реката Треска: Сиа книга, глаголема ѡптон, Светон Богородице скоп. . . на рецѣ Треске, вла(ди)ка Єстиние митрополит, и паки доховникъ Ѧнтѡние при(ло)жи братъ Ѧндреа и Стоіанъ ковачъ, въ лето .,ЗѦ. .ХЛѦ. .РЧЄ. [= .,З. Р. Ч. Є. ?] месеца априлиа . КГ. данъ[8]), (.,ЗѦ. х(и)л(ад) .РЧЄ.? односно 7195=1687) сведочи дека во овој манастир имало извесна книжевна активност. Покрај овој ракопис, во Софиската народна библиотека е зачуван и Кодикот на манастирот Св. Богородица. Овде Кодикот го објавуваме во целост, благодарејќи на љубезноста на Софиската библиотека за испратениот микрофилм на целиот ракопис.

* * *

Кодикот бил пишуван во манастирот Св. Богородица, за што зборуваат записите на л. 9: † Лето .,ЗОЕ. (7072 односно 1564) прѣпокріше царѹкѡв крітори С(ве)тие Б(огороди)це, и на л. 13': † Направиха магер'ница лѣто .,ЗПН. (7088 односно 1580) мана месеца моустрев'ци 8 Б(огородиц)а приговенна. Во текот на XVIII век овој ракопис бил пренесен во манастирот Св. Никола Шишевски, за што сведочи записот на л. 43': Да се знае кога донде ерълмонахъ їгоуменъ Саватие оуспение Б(огороди)це оу (С)вети Николае, од што може да се заклучи дека овој ракопис го пренел игуменот Саватие. При крајот на XIX век, а најверојатно во 80-тите години, од Шишевскиот манастир, овој ракопис бил пренесен во манастирот Св. Јован Бигорски, за што зборува *М. В. Веселиновиќ* во својот напис, опишувајќи го Кодикот како Шишевски поменик[9].) Во забелешките на својот уводен дел *Веселиновиќ* вели дека „споменатиот Харитон бил еднаш во Шишево, па наишол на овој кодик, го зел и го однел во својот Бигорски манастир, каде што и денес се чува" (мој превод, стр. 69). Меѓутоа, во периодот од 1890 до 1910, кога Цонев го внел во својот опис, овој ракопис, како и многу други, бил однесен од местото на кое бил создаден, во Софија каде што и денес се чува во Народната библиотека под № 294 (191).

За Кодикот на манастирот Матка краток опис дал *М. В. Веселиновиќ*, Бигорски и шишевски поменици, Споменик X, 1891, стр. 69—71, опишувајќи го како „Поменик на Свети Андреја Шишевски",[10]) *Б. Цоневъ*, Описъ на ржкописнитѣ и старопечатенитѣ книги на Народната библиотека въ София, София 1910, стр. 202—203, дал подетален опис на ракописот, каде што вели: „. . . од некои белешки се дознава дека тоа треба да е храм Успение на Богородица;

---

[7]) *Љуб. Стојановиќ*, ц. д. бр. 8873 и 8874.

[8]) *Љ. Стојановиќ*, Зап. и натп. бр. 1886.

[9]) *М. В. Веселиновиќ*, Бигорски и шишевски поменици, Споменик X, 1891, 69—71,

[10]) Очигледно *Веселиновиќ* ги смешал имињата на два различни манастири. Имено, Шишевски манастир е манастирот Св. Никола во непосредна близина на селото Шишево, додека манастирот Св. Андреја се наоѓа токму на спротивната страна од Шишевскиот манастир Св. Никола, во близината на селото Глумовс.

можеби, манастирот до градот Кичево, наречен „Пречиста" (мој превод). *Селищев* во својата студија за Кодикот на манастирот Матка, во книгата „Македонские кодики XVI—XVIII веков, очерки по исторической этнографии и диалектологии Македонии", София 1933, 9—48 посебно ја разработува економската структура на населението, етничките односи, потоа економскиот, општествениот и битовиот живот, јазикот на Кодикот, регистар на топонимите со нивната класификација според местонаоѓањето и регистар на личните имиња на дародавците.

Кодикот на манастирот Матка, во основата е напишан во 60-тите —80-тите години на XVI век, за што сведочат записите на:

л. 9': Лето .,ЗОѢ. (7072, односно 1564) прѣпокрише. . .;

л. 6': Въ лѣто .,ЗОЄ. (7075, односно 1567).

л. 7: . . . приложївши ікона прѣсветаа въ лѣто .,ЗП. (7080, односно 1572) месеца априлї .ї. (10) ч(етвръть)к(ъ);

л. 5': приложившихъ спасова їкона .З̃ П̃. маїа .К̃ Е̃. (7080 односно 22 . V . 1572).

л. 44': сіе рожденіе месецем съписа Єустатіа ер'монах месеца юл д'н .КД. (24) ч(етвръть)к(ъ) лет(о) .,ЗП. (7080, односно 1572 год.);

л. 10: † приложі нкона (І)ѡ(ва)н Петков савѡр анггльскї л(е)т(о) .,ЗПГ. (7083, односно 1575 год.);

л. 13': † Направиха магер'ница лѣт(о) .,ЗПИ. (7088, односно 1580) мана месеца. . .;

л. 16: † Милица Нан'чев лето .,ЗПИ. (7088, односно 1580) месеца ноемврїа в(ог)ь да ю пр(о)с(тн).

Кодикот на манастирот Матка е мал по својот обем, има 49+I листа, со димензии 21×16 см. Писмено од почетокот (1—2' лист) е калиграфски полуустав. Од л. 3 до л. 46 се сретнува полуустав од поуреден и немарен тип и елементи на брзопис. Од. л. 46 до л. 49' повторно наидуваме на калиграфски полуустав.

На л. 1 под наслов Изъ ѡглавлєніе ѡ помѣницѣ с(ве)тѣлм, даден е увод во кој се вели дека црквата со труд е изградена и съ любовію вьсакаа правила іее сънискают се бидејќи садовите за служење златни и сребрени иже соуть вь ноутрь с(ве)т(а)го ѡлтара, и други потребни работи кои се внатре во храмот: с(ве)тые и бож(е)ст(ь)вные иконы сребрѡмь и златомь оукрашены, потоа с(ве)тые книгы ѡковане и неѡковане и сѐ за што има потреба во великаа въсака и малаа цьркви, а кои подетално се опишани въ хрисовулѣх и законикоу с(ве)тыих ктиторь. Поменикот е напишан за покојниците од села и метохіе, кои му подариле нешто на храмот со забелешка дека поменикот ќе се чита во секоја сабота и да се споменуваат творещеи кл(а)гаа и правовѣрно слоужещеи с(ве)тѣи цьркви, а ако некој дръзнет разорити развѣть цьковны и ѡтети или село или човек или било што проклет и да сѹтъ[11]).

На л. 2': на лити же гл(агол)ет с(ве)щен'никъ стихирѹ с(ве)тѡмѹ храмѹ глас.S̃.

Од л. 3 почнува наведувањето на имињата на покојниците.

---

[11]) Истиот увод со сосема мали измени го сретнуваме и во Крушевскиот кодик опишан од *Сш. Новаковиħ*, Српски поменици XV—XVIII века, ГСУД бр. XLII, 3—125 а натаму на стр. 4 тој вели дека овој предговор го сретнал во пет ракописи: Призренски, Лесновски, Крушевски, Коришки и Водинички, но со поопширен втор дел, што значи дека тоа е уводна формула вообичаена за почеток на кодиците, а измените што се сретнуваат зависат од начинот на препишувањето и јазикот на препишувачот.

На л. 23' се наведуваат имиња на четири митрополити: всеѡс(ве)щен'наго митрополита Германа, всеѡс(ве)щен'наго митрополита Матѳеа, всеѡс(ве)щен'наго митрополита Їѡвана, всеѡс(ве)щен'наго митрополита, бывшаго скоп'скаго монаха Аѳанасіа.

На л. 24: а се поменик с(ве)щеннокѡмь.

На л. 25': а се поменикь монахѡмь.

На л. 26: а се поменикь инокыніамь.

На л. 26': а се поменикь вѣлцемь моужам и женам.

На л. 27 во средината на листот: властелоимъ Скопіа града.

На л. 44 е направена календарска таблица со запис дека таблицата ја изработил еромонахот Ѳѵстратіа во месец юл д'н .К҃Д. (24) ч(етврьт)к лет(о) .З҃П. (7080, односно, 1572).

На л. 45 се нацртани два квадрата дијагонално поставени еден на друг со дза опишани концентрични круга и крст во средината со дза впишани круга. Покрај крстот во горниот ред пишува І҃С Х҃С, а во долниот І҃Н К҃А. Во четирите полиња од пресекот на првиот се вториот квадрат се внесени имињата на четворицата евангелисти: Маѳ(е)и, Лѹк(а), Иѡ(ванъ) и Ма(рко). Во наредните дванаесет полиња во долниот дел се чита Павлъ, додека во другите полиња се назираат само контури на некои букви, текстот е избледен, реконструкција е речиси неможна. На долниот лев крај од листот со слободна рака е нацртан истиот мотив, но помал и без записи.

На л. 45' се напишани неколку магични зборови: † ѡдеде ѹдеде врискадедес, дедес ѡ зѹбе пиш(е) на кора хлеб. На корка леб се цртал знакот што се наоѓа над овие зборови, петокрака во два круга и му се давала на лице кое е укасано од бесно куче да ја изеде за да оздраве.

На л. 46 до л. 49' се додадени свештенички молитви на утрена од Службеник, без почеток, почнувајќи од самиот крај на петтата песна... ꙗко ты вси Б(ог)ъ наш..., потоа почнува шестата песна Хвалим те Г(оспод)и Б(ож)е... без крајот, на л. 46' почнува седмата песна Б(ож)е оче Г(оспод)а нашего... без крајните неколку збора; на л. 47 од Г(оспод)и б(ож)е нашъ ѡтриноувы ѡтъ нас лѣность... почнува осмата песна, но без крајот, потоа, прескокнувајќи ја деветтата песна, директно преминува на десеттата: Г(оспод)и Б(ож)е нашъ, давы чл(овѣ)кѡм ѡтъпоущеніе... која е напишана докрај; на л. 48' почнува единаесеттата песна Г(оспод)и Б(ож)е нашь съставліен мысльніе и словесны сили... без крајните неколку реда; на л. 49 почнува дванаесеттата песна од Хвалимъ и поемъ и вл(агос)ловим... без крајните неколку реда. Според начинот на пишувањето на буквите може да се претпостави дека уводниот и додадениот дел во Кодикот се пишувани од иста рака.

На корицата на ракописот има записи од повеќе раце и од различно време, без датирања, кои на места многу тешко можат да се расчитат.

* * *

Во ракописот има многу записи, речиси на секој лист, меѓу кои и за поклоници, кои му дарувале на манастирот, според своите економски способности, пари, вино, жито икони, домашни животни и др.:

Иноѡ даде коза, напоъво ꙗфе (корицата на книгата);

раба б(о)жіа Стоика, петрахил (л. 4);

Лоіхтѹ(?) Сарков писа себе ѹ свет поминъ рече ѡвцѹ (л. 4);

рече Бала да дават на гѡдинѹ по еднѡ решетѡ пшеницѹ (л. 4');

приложивши спасова икона .ЗП. маіа .КѢ. (7080 односно 22.V.1572) ч(етвръть)къ (запишано отстрана кај имињата раба своіего Стока,... Петра,... Стоіаноу на л. 5');

рабѹ б(о)жію Дмітрѹ, ѡбеща редѡвници,

раба б(о)жіа Стоіа, рабѹ б(о)жію Єлена, приложивши икона прѣсветаа... (л. 7);

град Скопіа, пріложівшихъ петрахіл (л. 7');

писа Бало Гюров пѡмьник ѿ реч(е) ѡвцѹ (л. 7');

† прилѡжі икѡна (ї)ѿ(ва)н Петкѡв савѡр англски (л. 10);

Петре писа се .ІѢ. ши(ника) пче(ница),... Іѡванъ... писа шлече (л. 12');

Стоіан писа .Ѣ. ши(ника) жи(то), Ѹгрин... писа .Ѧ. ши(никь)ече(мъ) (л. 13);

Петъко писа .Ѧ. грошь, Іѡванъ писа .Ѧ. ши(никь)ече(мъ) (л. 14).

мансторъ Степанъ пис(а) пом(енъ) себе, дава .Є аиоче ед(н)о рало цревле, плати; писа Стаменъко полъ грошъ (л. 22');

село Недази: писа Иванѹ .Ѣ. шиника и ведра вина; Стоко .Г. шиніы(ка) и Силѹ, Тьдоръ .Г. шиника пъшенице и ведрѹ в(ин)ѹ (л. 27);

писа Євремь .Є. ведри вина... (л. 28);

град Скопе, Апостол писав' .РИ. аспри, Захарѣѧ писав' .РИ. Тодоръко писав'... Крагѹе писав' .РО., Стоѧнъ писав .Ѣ. вретѣ, Мѣтре писавь пари .ІѦ. (л. 43').

Поголем број од овие записи се од XVII—XVIII век, но има и постари. Покрај нив, наоѓаме записи на дарители во долг, односно бакиа:

село Седларево: Любе Ранковъ бакиа (л. 4);

село Церово: Бог'дана, Радосава, Степана, Гюра, Неделко, Ерла — бакіа .Є. е (л. 13);

село Поище: раба своего Петра,

рабоу свою Бжанѹ — бакіа (л. 18);

село Матка:... раба своего Іѧна Мехаѣчиіа пехаа бакиа (л. 20');

село Добридол: писа Стоіанъ пом(ен) бакиа,

Стефан пом(ен) бак(на),

Никола пом(ен) бак(на),

Петко пом(ен) бак(на), но Петковиот заем го платила Божана Поповска (л. 23), а во продолжение се наведени во помен имињата на членовите од нејзиното семејство.

* * *

Скопје од дамнина бил познат како трговски и занаетчикси центар, Во Кодикот сретнуваме неколку занаетчии: папуции (л. 12), сапунција (л. 14'), ќурчија (л. 22), кожувчии (л. 41) итн. Од црковната средина се среќаваат митрополити, протопоп, свештеници, протопсалтик, дијак, хартофилак и др. Покрај овие, сретнуваме и лица со полно име и презиме:

а) - овь, -ви: село Ѡрихи:... родосе Маркови (л. 3) писа Стоян Георгиев (л. 4'); село Седларево: Любе Ранковъ... (л. 4); Лоихтѹ(?) Сарков... (л. 4); село Себелишле: Гюро Кочи... Бало Гюров (л. 7'); (І)ѡ(ва)н Петкови... (л. 10); Тѡника Катиплава... (л. 11); Недо Панъва (л. 13); Милица Нан'чев... (л. 16); Стоико Владевъ (л. 20); Клила Дандова (л 20'); село Себелишле:... ѣоура Кочивѣевъ (л. 23'); Никола Гечовь (л. 23');... попа Ѥвчька Стоюнкова (л. 35');

б) - ин:..... Прѡданин (л. 6'); Никола Ашанинъ... Николина челатъ (л. 9); писа Ино Димитринъ... (л. 21');

в) презимиња на -ски: место Скопьле: Роветь Казьньлиски... (л. 17); Рѹветь Єпельски (л. 21');... Б(о)жана Поповска (л. 23'); игѹман Маркоски (л. 24); Рѹфет Папѹчиски (л. 32); Роветъ Пачѹськи (л. 33);

г) презимиња на -ич, -ић, -ки:... Ѡвана Калинича (л. 3 и 3');... раба божіа Николоу Браковича (л. 3');... Богдана Николича (л. 3'); Радіа Грозьгановић (л. 20' и 40'); писа Крѹсѹ и Михалѹ Данипеки... (л. 22).

Интересно е што на л. 8 и л. 33' сретнуваме исти лични имиња со ист редослед, но без означувања на местото од каде потекнувале тие лица (л. 33').

Во Кодикот на манастирот Матка ги сретнуваме следниве *лични имиња*:

А) *машки*:

Аврамъ, Аврамиа, Агелъко, Алеѯо (прѣзвитеръ л. 24'); Ананиа, Анд'реа, Андреиа, Андриа, Англъ, Аньѳѡніа, Анонїіа, Анто, Анѳѡніїе, Апостолъ, Арнегъ, Аргѹръ, Атанаско, Аѳанасїа,

Бале, Балїа, Бежанъ, Белъ, Билонъ, Богданъ, Богосавъ, Божидаръ, Божъко (Бож'ко, Бош'ко), Бонкетъ, Боке, Бонѣтъ, Боіа, Бѡжанъ, Браіанъ,

Василъ, Василие (прѣзвитер л. 5, 25), Вело, Велианъ, Весельнъ, Билинъ, Владо, Владко, Влко, Вльканъ, Вльчко, Воинъ, Ѡиче, Воче, Ѥвлъко, Ѥвче, Ѥвчинъ, Ѥвчко (Ѥвчъко), Ѥвименц', Вѣлихие, Вѣлко, В'ланъ,

Гавріилъ, Геѡргїіе, Геѡргїе, Герасимъ, Германъ, Грїгорїе, Грозъдѣ (Грозьде), Гроздъганъ, Грозато, Гроуванъ, Гроую (Грѹіа), Гоуро, Гѹрашъ, Гѹр'ко, Гѹр'че, Гюро, Гюрче;

Давиживъ, Давче, Давѣтъ, Давидъ, Дамианъ, Дамланъ, Дамно, Данило, Деко, Деѡдоръ, Деспотъ, Димо, Дїонисїе, Димитрїе, Дмитрашинъ, Дмїтаръ, Добре, Досто, Драгие, Драгославъ, Драгонло, Дросъ, Дѹка,

Євремъ, Євьтимие, Єгикъ, Єдо, Єѳрамъ,

Жив'ко,

Зарю (іер'монах л. 24), Захфїри, Захїри,

Ивъко, Иванъ, Илиръ, Илиа, Илѡ, Ино, Иѡванъ, Иѡвко, Іакимъ, Іванъ, Іиа, Іоакимъ, Іѡанъ, Іѡванъ, Іѡво, Іѡв'ко, Іѡв'че, Іѡсифъ,

Кало, Кїрїакъ, Кончинъ, Колно, Ком'ненъ, Коменъ, Кондо, Косто, Коста, Костадинъ, Кою, Кѡзма, Крагѹе, Крсте, Къстадинъ, Коуз'ма, Кїрица, Кїрько, Кїръгази,

Лавъко, Лазоръ, Лан'ко, Лашо, Лекоцъ, Ловрѡчъ, Лоука, Любе,

Макарија (монаха 25'), Манојло — Манојиль, Маргкъ, Марко, Мар'ко, Марѹлъ, Марѹдъ, Маротикъ (л. 15), Мато, Матеа, Маѳеа, Миамьръ, Мнахо, Милиръ, Миладинъ, Мило, Митаръ, Митрашинъ, Михо, Михалъ, Михаилъ, Милошъ, Мичо, Миленъко, Митко, Младенъ, Моско, Москонинъ, Мѹмълина, Мъчо,

Насто, Неделко, Недо, Неланъ, Нелио, Несторъ, Нико, Никола, Николию, Никодимъ, Никѵ̆форъ, Нине, Нин'че,

Оливеръ, Орестъ (Іер'монахъ л. 24);

Павле, Пав'нѹтие, Павѹнъко, Певѡ, Пенко, Пенчинъ, Пенчевъ (Пенчева сына Кочинова), Пенко, Пеѡ, Петре, Петаръ, Петко, Петрилъ, Петрѹшъ, Пею, Помет'ко, Проданъ, Прога, Прогонъ, Прѡнко, Проходъ (ар'хиепископъ на корицата од книгата), Пѣтаръ;

Радило, Радичъ, Радица, Радивоіе, Радованъ, Радославъ, Рада, Разоръ, Ранко, Рале, Рако, Рафаил, Рашо, Роветъ, Рѹветъ, Рѹсе, Рѹфетъ;

Саво, Сава, Саздан, Секѹла, Серафиѡнъ, Сивалъ, Сивѣстръ, Симо, Симонъ, Синадинъ, Сино, Сѡнаа (раба божиа), Ставре, Стале, Стако, Стаматъ, Стамо, Стаменко, Стамотъ, Станимиръ, Станиславъ, Станиша, Станко (Станъко), Стапъко, Статіа, Степанъ, Стефанъ, Стеіа, Стонко, Стоинъ, Стоїко, Стоил, Стокъ, Стоіанъ, Стоіа, Стѹанъко, Соулътанъ;

Тамать, Теѡдоръ, Тоде, Тодоръ, Тодорко, Токъ, Толоти, Томо, Тонко, Тошо, Тошин'ко, Трифѹнъ,

Ѹгринъ

Фанаръ, Фивъко, Филипъ,

Ѳанасиа, Ѳедиреціа, Ѳеодосиа, Ѳеѡдоръ, Ѳеѡфилъ, Ѳодоръ, Ѳомь.

Хетало, Христо,

Ѡбѡникъ, Ѡванъ, Ѡвче, Ѡгнанъ, Ѡливѣръ, Ѡнози(?), Ѡсивъ,

Цвенко, Цветамиръ, Цветѣ, Цветъко, Цветѹнъ, Цопо,

Ѣорѣна, Ѣоуро, Ѣѹрїца, Ѣюро,

Чедо, Чечо,

Шолотъ,

Ікимъ, Іковъ, Ікѹла, Інъ (механчиа), Іни, Інѡѡ, Ін'ко,

Ѧнъкѹла.

Б) *женски*:

Агг(е)лина, Ана, Анастасиа, Ангелина, Анга (Анъгѹ), Аница, Атана, Атанъска, Аръгира, Аѣелина,

Белосава, Бжана (Б(о)жана), Богослава, Божа, Бонка, Бонна, Бонна, Бониета, Бѡіа, Бѣла,

Белих'на Блада, Блаіа, Бида, Бѹка, Бѹкана,

Гер'манъка, Грѹбана, Гръкниа, Гѡрка, Гюра, Гюрана,

Деспина, Добра, Донка, Доста, Доцка, Дѡка, Дмитра (Димитра), Дроса, Доука, Ѣоука,

Евра, Ела, Елена, Елисавеѳа, Елъка, Ерина, Еѵгениа,

Ивана (Иванна), Иова, Ифка, Іелина, Іѡана, Іѡва, Іѡвана, Іѡвъка,

Калина, Карафилка, Каталана, Ката, Кірана, Клила, Кнегина, Коз'ма, Коміленіа, Комълта, Ком'на, Ком'нена, Компенита, Кр8са, Кс8тана, Кв8ртеса, Кіана,

Л8бисава, Люба,

Магдалина, Малинка, Мара, Марта, Мар8да, Михаила, Менъка, Мила, Милица, Милъка, Милта, М(и)лєѡна,

Навеа, Наста, Неда, Неранжа, Нерадѣеа, Нина, Нънма,

Олта, Ольвера (Оливера),

Пагана, Пав8на, Па8на, Параскева, Пена, Петра, Петроуша, Петра, Петр8кла,

Рада, Ранка, Ранка, Рахылта, Роксанда, Роѯан'да, Роужа, Роуса, Рѡса,

Смила, Солѡмита, Спаса, Стана, Станислава, Станка, Стана, Станоика, Стевана, Степана, Стоика, Стонна, Стоіа, Стоіана,

Тода, Тодорка, Тонка, Тоша, Трендафила,

Ѹгра,

Ѳѡда, Ѳеѡдосита (монахинта), Ѳодора,

Ѻвана, Ѻвка,

Цвѣта, Цветанка,

Юрана,

Ѩглѩка, Ѩна, Ѩница, Ѩн'ка, Ѩна, Ѩсна.

Покрај имињата на дародавците, во кодикот на манастирот Матка наведени и *селата и градовите*, каде што живееле тие лица:

Ар'ванаси л. 12, 30'
Баница — кьдилак Дебрь 21'
Бел'ци — дол'на 6'
Беръ 8, 8'
Близско 44
Бозжца (или Богозжца) 32'
Болне 23'
Боане 22 Боіане 3'
Бръждани 7
Брѣст' 44
Бв8кр'ци 6'
Бръличи 5'
Бр8тѡк 12'
Бръте́кице 42'
Бв8чтрън' 40; Бв8ч(и)трнь кад(и)лак Пир'ковац 19'
Бѡвѡ (село Матка Бѡво) 18
Гебор 42
Гл8мѡво 4,24'; Глоумово 4 (2 пати), 13', 19', 24', 30' 40'; Глюмово 12'
Гломовоі 23',
Гл8мо 20
Глюхово 13, 21
Говрлево 3', 15, 21', 30, 38
Голевница 41'

Грѫчацъ 9, 16', Грьчьц' 24'
Село Гро... 42
Грѹмо 42
Гъбочица — на корицата од книгата
Деб'ръ (Дьбрь) 41, 43, кадилк Дебр'... 7, 21'
Добреце 19'
Добридол 23 (2 пати), Добри Долъ 24'
Д(оу)хъ 18, село Дѹх — Полѡг 12'
Жемидъци 15
Здѹне 28
Злокѹчани 14', Злѡѣѹкани 14',
Иване 42, село Иване 42'
Иноковц' 42
Иѳкѡво (?) 23
Кічева 28,
Количани 3, 3', село До(лно) Колич(ани) 21
Кондово 3, 41, село малов Кондово 14
Копаница 43
Копривница 12
Ковачъ 44
Костѹръ 7, 15' град Костѹ(ръ) 5'
Крѹшопек 6, Крѹшопеци 4, 11', 24', 30', 31', 36
Крчевица 21', 24', 25
Лечъци — село (?) 43'
Лоуковица 6'
Маркѡв монастирь 24 (два пати)
Мар'карітъ, Прилеп... 7
Матка, Мат'ка 4, 5', 6', 8', 14', 17, 17', 18' (4 пати), 20, 20', 21 (2 пати), 42'; Маѳка 24'; Матка Ичелнаа 6
Неѵѣзы 20', Нерази 27, Нерези 40', 41', 42,
Нідъ — село 8,
Нід' монастирь 24
Ново Село 12
Ореховъник (место Ореховьникь, Дебрь) 43
Ѡраховик 20
Ѡризаре 15, 24'
Ѡризи 3
Ѡстраки (подбрвенич'кы санчак селѡ Ѡстраки, близ Изра) 20', 40'
Ѡхридъ 24, 42
Пенена 8
Петрилъ 8
Подгорица (место) 28
Поище 18

Полѡг (село Дꙋх) 12'

Пѡрѣче (село Рав'не) 43, 17

Призренъ (место) 25', Приз(ренъ) 42,

Прилеп 13 24', село Мар'каритъ Прилеп град 7

Ракотинци 5, 25 (2 пати)

Рав'не (село Рав'не Пѡрѣче) 17

Сарани 3'

Свиларе дол'нѡ 14

С(вѣ)та Петка 42

Себелишле 7,' 21, 23'

Севце 22'

Седларево 4, 13

Сервло 13

Слнс(ко) Горне 15

Скопие (Скѡпие) 4, 5, 6, 7', 8', 11, 15, 16, 22, 22', 26, 32, 39, 41, 41' (два пати), 42', 43'; Скопѣ (Скопиа) 5', 27; Скопье, Скопе 14', 24'; Скопьле (Скопле) 17, 20', 28, 33.

Сопица 7'

Сълне — Горне 23'

Сꙋшица (Поречє) 20', Дьвръ село Сꙋшица 41'

Тетово (место) 3, 3'

Томино на корицата од книгата два пати

Томане (кадилак Девр') 7

Трикалъ 8

Троватъ 8 (два пати)

Тъмлане 22'

Ꙋстое 21' Ꙋстъе (Ꙋс'те) 40', 41

Фрьлевци 8'

Церово 13

Черешнево 6'

Чалани 19', Чалане 42'

Шишево (Шишовѡ) 7, 9', 10, 10', 11, 17', 19', 22, 24', 27', 32', 34, 34', 35, 35', 36 (два пати), 40', 43'

Ѝнево 38, кадилак Ѝнево 14'

Ѝнина 8

Ꙋрилъ 8

Щитео 4

Щітеово 27

Може да се заклучи дека од Скопје и селата Шишево и Матка има најмногу запишани лица.

Селото **БУКУРЦИ** во 1389 година му било подарено на манастирот Св. Андреја заедно со селото Повилно во замена на селата Момково и

Иване[12]). *Селищев* (стр. 26—28), претпоставува дека ова село го добило своето име од личното влашко име Букур. Во една стара австриска карта на Србија, во издание на Freytas (Wien), во долниот тек на реката Треска *Селищев* нашол населен пункт Bakurci, па според тоа претпоставува дека ова село запустело во II-та половина на XIX век. На синорот на с. Бистрица и с. Согле постои и денес микротопоним Букурево.

Селото **НІР'** и **НІР' МОНАСТИР** — според записите кај Љ. Стојановиќ (Зап. и натп. бр. 6802, 6823 и 9551; *Селищев*, 28) може да се претпостави дека селото Нир се наоѓало во близина на сегашниот Шишевски манастир Св. Никола, кој во овие записи го сретнуваме како:. . . Ѡзетомꙋ Николе иже въ Нире, на реце Треска. . . (зап. бр. 6802 од околу 1642 година),. . . положихъ храмꙋ Светаго Николи ꙋ Нири за вѣчни помень,. . . (зап. бр. 6823 од 1645 година), а во еден ист ракопис наоѓаме два записа од XVII—XVIII век каде што манастирот Св. Никола се наведува во Нирско во едниот, а во другиот се наречува Шишевски манастир: Сиа книга г(лаг)олеми .Ѣ. ѡвътѡи саставени пръвогласник ї .Є. гласникъ нъ едъно ѡтъ Светагѡ Николае ѡтъ Козарево Нирско надъ Тресъка[13], и: Сиа кънига ѡтъ Шишевски манастирь. . .[14]

Што значи дека споменатот Нір' монастир всушност е Шишевскиот манастир Св. Никола.

Село **МАР'КАРІТЬ, ПРИЛЕП ГРАД**, *Селищев* (стр. 23,) сосема правилно смета дека *Цонев*, (стр. 203), погрешно прочитал при ск, што би значело при Скопје. Меѓутоа, иако тешко, по „при" може да се расчитаат буквите ле, а над нив е натписана буквата п односно прилеп. Во околината на Прилеп има село Маргарит (Маргари), на што упатува и Селищев.

Селата Близско л. 44, Божица (Богозжца?) 32' Гро. . , 42, Грѹмо 42, Дадво 17', Копривница 12, Лаца Хичи (?) 18, Пенена 8, Петрилъ 8, Пирие 18, Троватъ 8, Ѯрилъ 8, Шитео 4 и Шітеово 27 не можат да се идентификуваат.

Во продолжение го даваме целиот текст на Кодикот со забелешки за разликите во расчитувањето.

л. 1

Изъ ѡглавлениѥ о полѣн'ницѣ с(ве)тѣмъ

Понѣже црькви божьствнаа сь троудѡмь зиждет се и съ людовїю въсакаа правила ѥе сънискают се, сирѣчь съсоуды слоужьбнїи златїи и сребрьнїи, иже соуть въноутрь с(ве)т(а)го ѡл'тара, и прочеѥ иныѥ потрѣбы, тажѥ пакы въноутрь

[12]) Спореди: *В. Петковиќ*, Старине, 1923, 26, *Љ. Стојановиќ*, Зап. и нат. 6079, *В. Петковиќ*, Једна сликарска школа XIV века, ГСНД III, 60.

[13]) *Љ. Стојановиќ*, Зап. и натп. бр. 9551.

[14]) *Љ. Стајоновиќ*, Зап. и натп. бр. 9552.

храма с(ве)тые и бож(е)ст(ь)вные иконы сребрωмь и златомь оукрашены и по стѣнахъ и по темблоу въса ѥлика соуть оустроена и нарѣждена и по хороу высещаа и по скрипцехъ. Потомь и завѣсе и поставци и с(ве)тые книгы ѡковане и неѡковане и въса прочаа ꙗже трѣбоуетъ великаа въсака и малаа цр҃ькви. Сїа въса подробноу написана соуть, въ хрисоувоулѣхѣ и законикоу с(ве)тыихъ кг҃їгоръ. Сѣ же помѣлникъ вьсѣмъ прѣставльшим се въ с(ве)тымъ храмѣ семь, послоужьшїихъ и мил(о)стиню дав'шїихъ и приложьшїихъ села и метохїѥ, и прочаа таковаа и просто рекше въсѣмъ хрїстїанωмь православнїимь, и сїа оубо въса ꙗже рѣхωмь и вьписахωмь. Ни єдино ѡть нихъ да ѹпразнить се или повредит. ѡть дωмоу бо костьвнаго. Помѣникъ въ всакѹ соуботоу да прочитает се и да поминают се творещи бл(а)гаа и правовѣрно слоужещеи с(ве)тѣи

л. 2

цр(ь)кви. А створщеи злаа, и ꙗже не соуть прїатели цр(ь)кви, татїе и грабителїе, да проклинают се. И ꙗже аще дръзнеть кто разорити завѣть цр(ь)ковнї и ѡтети что — или село, или чл(вѣ)ка, или ино что любо, врази цр(ь)ковнїи проклети да сѹтъ. Амин, Амин, Амин.

Запис:

Ѡх' цѡ пострадах' ѡт анатемаго проклетого Митрашина и продочера проклета нимъ кѹча и домъ, амънъ, що пострадаше кагѹчиѳи[1]. Бежанъ.

л. 2'

На лити-же гл(агол)ѥть с(ве)щен'никъ стих(и)рѹ с(ве)тωмѹ храмѹ глас .S.

Съи дьнь господинь, радоуте се люд(и)е, се бо с(ве)тоу чрьтогъ и книга словесъ живωтоу ѡть ѹгробы произыде и ꙗже къ въстокωм[2] двьрь рождьши се ѡжидаетъ въхωдь светителя великага, єдина єдиного въводецїи Х(рист)а въ въселенноую, къ спасенїю д(оу)шамъ нашимъ.

Следува ѿонов запис:

† Їеромωнах Михаїль приложї, иер'монах Ѳедифеца(?).

Дїмитрїѥ, Дїмитрїе.

л. 3

Место Тетово: Ѡ(ва)и Калїнич
Раба б(о)жиа Иωана Ститара,
раба б(о)жиа Станишѹ и подрѹжие Делѹ,
раба б(о)жиа Лазора,
<С>ело <К>олїчани
раба б(о)жиа Стоїка,
раба б(о)жиа Прогона,
раба б(о)жиа Марѳка, Радосе Марковї
раба б(о)жиа Дабижива и родителе
егѡ Станка, ... лѹ и подрѹжи
его Милица[3].

---

[1]) *Селищев*, Македонские кодики, 18 поправа: калѹчиѳи.
[2]) Во зборот въстокωм врз ѡ е напишано ѹ.
[3]) Имињата се прецртувани, па тешко се расчитуваат, можна е друга реконструкција.

Село Конде(в)о[4]: помени Г(оспод)и раба своіего Ралета вь царьст(ви)е си и подрѹже его Ѩнкѹ.

Зайис:

Село Ѡризи: помени господи
Раба б(о)жиа Петра,
раба б(о)жиаа Степана,
раба б(о)жиа Бела,
раба б(о)жиа Чеча,
раба б(о)жиа Ѡнна,

л. 3'

Место Тетово:

раба б(о)жии Ѡвана Калинича,
раба б(о)жіа Ѡван Ѿитарь,
раба б(о)жіа Станишоу и подроужние іего Єлоу,
раба б(о)жіа Лазара и раба божиа Стока и Прогона,
село Количане: раба б(о)жіа Марка,
помени Г(оспод)и раба божиа Пеіа,
село Боіане;
раба божіа Николоу Бранковича, помени Г(оспод)и раба б(о)жіа Ѡсива,
раба б(о)жіа Богдана Николича и Бокета и Николоу Тодора

Сараи:

раба б(о)жіа Пеіа и Грькинѹ,
Говрлево: Ѡван, Ѩнькоу, Гроуіа, Роужоу, Николѹ, Ѡван.

л. 4

Село Седларево: Любо Раиковъ бакна, тамоцини
раба б(о)жіа Пеіа,
раба б(о)жіа Рашоу и вноука му, **Матка**
раба б(о)жіа Бониѣта,
раба б(о)жіа Стока, помоци трѣбѹоцихь,
Радослава,
раба б(о)жіа Коіа, **Ѿитео**
раба б(о)жіа Стоика, петрахил
рабѹ б(о)жию Комиенїю, **Скопїе**
раба б(о)жіа Гѹраша, **Крѹшопеци**
раба б(о)жіа Стоика,
раба б(о)жіа Новакь,
рабѹ б(о)жию Роксанда,
рабѹ б(о)жию Тошѹ,
помени Г(оспод)и Неда,
помені Г(оспод)и рабѹ божию Ранкѹ, и дащерь ее Стоіанѹ.
раба б(о)жїа Стоіана

Зайис:

П. Петръ Моуреитъ писа г҃ тѹ себе оу свети поменъ и деда Певоѡ піена ѹ свети поменъ,. . . . помень.
Лоїхтѹ(?) Сарков писа себе ѹ свет поминъ, рече ѡвцѹ.

л. 4'

Село Глѹмѹво, помени Г(оспод)и

Селѡ Глоумѡвѡ:

рабѹ б(о)жию Бонкоу,
раба б(о)жиа Бочета,
раба б(о)жіа Іѡв'чета,
помени Г(оспод)и раба своего Ѡвана,
помени Г(оспод)и раба своего Марка,
Бладко Петро п(о)дп(и)са,
помени Г(оспод)и рабоу свою Иванѹ,
спаси Г(оспод)и людї своеї, исвави Достѹ
помени Г(оспод)и д(оу)ше рабь своих,
помѣнї Г(оспод)и раба своего Иѡвка,
помѣнї Г(оспод)и раба своего, Беадо. . .
помѣнї Г(оспод)и раба своего,
Станїслава, пис(а) Ѹгрїнъ ѡца
сво(его) Станисава пом(ень) пат(и);
писа Стоіан Георгиев ѹ пом(ен)

---

[4]) *Селищев*, стр. 21: село Диковец, меѓутоа на копните се гледа село Кон^Доє.

айис:

рече Баліа да давать на гѡдинꙋ по едниѡ решетѡ пшеницꙋ.

Село Глоумово: полъ реше .олоски(?)

л. 5

Помени Г(оспод)и презвитера Касиана.

село Ракотиці:

Помени Г(оспод)и раба божіа Стоика того жде,
помени Г(оспод)и рабꙋ божію Петрꙋкла,
помени Г(оспод)и раба божіа Николаꙋ,
помени Г(оспод)и раба божіа Бош'ка,
помени Г(оспод)и д(оу)ше раба своих
прѣставльших се,

Скопіе:

помени Г(оспод)и раба своѥго Михаила діака въ царстви,
помени Г(оспод)и рабоу своѥ Єлоу въ царстви,
помѣни Г(оспод)и раба своіего Кѡзмꙋ,
помѣни Г(оспод)и рабꙋ своѥ Иванꙋ,
помѣни Г(оспод)и раба своіего Єѣлихиꙋ во царствие и подружіе,
помени Г(оспод)и рабꙋ своѥ Деспіна и Ана.

л. 5'

Єело
помени Г(оспод)и раба Миха,
град(а) Скопіѣ: помени Г(оспод)и раба Маріо,
градъ Костꙋ(ръ): помени Г(оспод)и раба б(о)жіа Наста,
помени Г(оспод)и раба в(о)жіа Дроєꙋ,
помени Г(оспод)и Настѡ, Діміторіе,
помени Г(оспод)и Димитріа,
помени Г(оспод)и
помені Г(оспод)и ктиторе светаго храма сего роди.

Село Мат'ка:

приложившихъ Спасова їкона .,З̃.П̃. ме-(се)ц(а) маіа .К̃.Е̃. ч(етвръть)къ (7080, т.е. 22.V.1572 г.)
раба своіего Кѣлка,
рабоу своѥ Єлꙋ,
раба своіего Стока,
раба своіего Петра,
рабꙋ своѥ Стоіаноу,
село Врълич: раба б(о)жиа Клада.

л. 6

Димитріе

Крꙋшопек:

помѣни Г(оспод)и раба своіего Драгиета и подружие іего Стоѥ,
помени Іѡна Г(оспод)и раба Стамо и Толоіети,
помени Г(оспод)и раба Зафхіри,
помени Г(оспод)и раба Тодора,

Село Матка:

раба своего Анта,
Петра рабꙋ,
раба своегѡ Цвенка,
рабꙋ своѥ Рꙋжꙋ,
рабꙋ своѥ Цветꙋ,
рабꙋ своѥ Марꙋ,
раба своегѡ Дмытра,

града Скопіа:

Доцка, Анд'реа, Мара, Ї(ѡ)(ва)нь, Стамотꙋ,
Марꙋла, Таматъ, Михалъ, Діма,
Никола, Ѳодора раба своѥ, преплепꙋ(?)
Сино, Ловрѡча, Статіа, Діміо,
Мара, Симѡна
Село Матка Ичелиаа:
рабꙋ своѥ Цветꙋ, и града град..

л. 6'

Матка: раба б(о)жїа Дмитра манстор,
раба б(о)жїа. . . . ,
раба б(о)жїа. . . . . — Прѡданин,
Село Лоуковица: раба б(о)жїа Пет'ка,
раба б(о)жїю Дѡбра,
Село Бѹкѹрцео: раба б(о)жїа Петра,
раба божїа Пеїа, помень.
Село Черешнево: Ранка, Балета,
Село Дол'на Бел'ци: помени Г(оспод)и Пет'ка,
вьсака льсть прѣста(?).
Светимь моученикѡмь мо молѣци мѹ се ѡ нас.
рабоу б(о)жїю Каталанѹ, Ивана, Тома
Въ лѣто .,З.О.Є. (7075=1567.)

л. 7

Село Шишевѡ:

раба б(о)жїа Нїкѡла и подрѹжїе его,
рабоу б(о)жїю Дмїтроу,
раба б(о)жїа Стѡїана,
рабѹ б(о)жїю Дмїтрѹ ѡбеща редѡвници,
приложївши їкона прѣсветаа въ лѣто .,З. П. месец апрїли .І. ч(етвръть)къ (7080 т.е. 10.IV.1572)
раба б(о)жїа Стоїа,
рабѹ б(о)жїю Єлена,
раба б(о)жїа Іѡ(ва)н,
раба б(о)жїа Кѡнчета,
раба своега Брагана, Є(є)л(о) **Мар'карїть Прилепь градь,**
раба своего Никола хрѡми,
раба своего Тонка,
раба своего Михаила,

Костѹръ:

раба своего Герасима,
рабѹ б(о)жию Єринѹ, **кадилк Дебр' селѡ Томїане**
рабѹ божию Іѡвька, **село Брьждани.**

л. 7'

Града Скопїа:

прїложївшихь петрахїль:
помені Г(оспод)и Пет'ка и подрѹжі его,
помені Г(оспод)и Ян'гелїноу,
помені Г(оспод)и Іѡана хар'тофїлак,
помені Г(оспод)и Кїраноу госпожде[5],
помени Г(оспод)и Гѹра, Євра,
помени Г(оспод)и Мила, Неранжа,
помени Г(оспод)и . . . . .
помени Г(оспод)и . . . .
помени Г(оспод)и . . . .
помени Г(оспод)и, помени Г(оспод)и
д(оу)ше рабѹ своих.
Село Сопица: помени Г(оспод)и раба божїа Дмитра,
помени Г(оспод)и раб(ѹ) божїа Дмитроу,
помени Г(оспод)и
помени Господи рабѹ свою Комълю.

Зайис:

Село Себемишле:

писа Гюро Коѡвь помен,
писа Бало Гюро пѡмьникь ѿ
рече ѡвцѹ.

л. 8

Село Нїръ:

помени Г(оспод)и д(оу)ше рабь своих
помени Г(оспод)и Кончина, сына Кончинова Пенчева,
помени Г(оспод)и Ѳлаа,
помени Г(оспод)и Пенчина и подружіе его,
помени Г(оспод)и Стоїа,
Помени Г(оспод)и Никола, **Ѯрїль**
помени Г(оспод)и Стамо Пан'крати, **Село Тровать:**
помени Господи Тодоръа Демири, **Село Пенена**

---

[5]) Во копиите: госпож хс. (д д г)

Помени Господи Дꙋка Фоти, **Беръ**
помени Г(оспод)и Манонлъ Яр'ходо,
помени Г(спод)и Мано Пакрати, **Трикалъ**
помени Г(оспод)и Ѳодоръ Яггло, **село Тровать**
помени Г(оспод)и Геѡргіе Димо,
помени Г(оспод)и Апостолъ Ина, **Инїна**
помени Г(оспод)и Геѡгріе Комно, **село Петрїлъ**

л. 8'

Помени Г(оспод)и д(оу)ше рабь своих.
Мат'ка: раба своего. . . . .,
село Матка: помени Г(оспод)и Дмитра,
помени Г(оспод)и, Мата, Марꙋ, Никѡлꙋ,
Беръ: Георгие,
Свѣта твоего зара ми просвѣти дѣво
тїпов (?). Поменї Г(оспод)и д(оу)ше рабь своих вь царстви.
Скопїе: помѣни Г(оспод)и раба своего Богдана,[6]
помѣни Г(оспод)и раба своего Христа,
пом(ени) мїлостї твое Г(оспод)и по(милоу)л вь векї вьспою сподоби то.

Запис:

село Фрълевци: раба божию Елдꙋ.

л. 9

Село Гръчацъ:

помени Г(оспод)и д(оу)ше рабь своихь,
помени Г(оспод)и Никола, Продана, Нїкола Яшанин[7],
помени Г(оспод)и Єда,
помени Г(оспод)и Стоїана, Милца,
помени Г(оспод)и Рꙋжа,
помени Г(оспод)и Никола,
помени Г(оспод)и Петрꙋ,
помени Г(оспод)и Пет'ка, Пеичина,
помени Г(оспод)и Нин'че, Нїколїна челать, сестра подрꙋжїе <Д>мїтрꙋ,
помени Г(оспод)и Стоана,
помени Г(оспод)и Петрꙋ,
помени Г(оспод)и Пенка,
помени Г(оспод)и Милица,
помени Г(оспод)и Стонка,
помени Г(оспод)и Бонкоу,
помени Г(оспод)и Илиа,

л. 9'

Шишево:

помени Г(оспод)и д(оу)ше р(а)бъ своихь,
помени Г(оспод)и Пеичина,
помени Г(оспод)и Никола,
помени Г(оспод)и Іѡна,
помени Г(оспод)и Цвѣтка,
помени Г(оспод)и Дмитрашина и подрꙋжие
помени Г(оспод)и Пет'ка,
помени Г(оспод)и Стана,
помени Г(оспод)и Никола,
помени Г(оспод)и Пенчина,
помени Г(оспод)и Бѡжана,
поменї Г(оспод)и Ѡвѡника, Геѡргіа, Бога, Ѡвоика прилѡжи икона. . . . . .
помени Г(оспод)и Разора,
помени Г(оспод)и Пега,
помени Г(оспод)и Дмитра,
поменї Г(оспод)и раба своего Бошка,

† лето ,,З҃. О҃. Ѯ҃. прѣпокрїше царꙋкѡвь[8] ктїтори С(вети)е Б(огороди)це. (7072=1564).

л. 10

Шишево:

помени Г(оспод)и д(оу)ше рабь своихь,
помени Г(оспод)и Стоина,

---

[6]) До името има: г̫лъ(?)
[7]) *Селищев*, Македонские кодики, 46: Никола Шанинъ.
[8]) *Селищев*, Македонские кодики, 11 и 13 поправа: црькѡв.

помени Г(оспод)и Калина,
помени Г(оспод)и Недел'ка,
помени Г(оспод)и Ѿїладина,
помени Г(оспод)и Рѹжа, Ѡвка, Бѡга,
помени Г(оспод)и Никола прїлѡжи ѹ бакии,
помени Г(оспод)и Никола, сїнъ и ѡтцъ,
помени Г(оспод)и Іѡна, Дмитра, Калина,
помени Г(оспод)и Лазора,
помени Г(оспод)и Пет'ко,
помени Г(оспод)и Степана,
помени Г(оспод)и Теѡдора,
помени Г(оспод)и Петра,
помени Г(оспод)и Стефана,

Зайиси:

† сїнъ мал. а га Пеичина; † прилѡжї ікѡна (Ї)ѡ(ва)н Петкѡв сабѡр анггльскї лѣто .,З. П. Г., месец гоны (7283=1575)

л. 10'

